РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/91 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **македонски јазик** за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

VI ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособува да ги препознава и да ги разликува основните каратеристики на македонскиот јазик во неговиот историски развој;
- да се оспособува да ги разликува видовите согласки и самогласки во писменото и усното изразување;
- да се оспособува да го применува правилото за зборовно акцентирање во македонскиот стандарден јазик;
- да се оспособува да развива сложена од проста реченица и да направи проста од сложена;
- да се оспособува да разликува зборови со различно лексичко значење во усната и писмената комуникација;
- да се поттикнува да учествува во разговор;
- да се оспособува да ги разликува главните и споредните улоги во театарска претстава;
- да се поттикнува да осознае кој учествува во создавање театарска претстава.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: *ЈАЗИК* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>• да се поттикнува да го осознае потеклото на македонскиот јазик;<br>• да се поттикнува да ги препознава глаголското и кирилското писмо (на факсимил). | Потеклото на македонскиот јазик<br>Старословенски азбуки: глаголица и кирилица<br>Современо македонско кирилско писмо | Старословенски јазик<br>Глаголица<br>Кирилица<br>Современо македонско кирилско писмо | • Визуелно запознавање на старословенскиот јазик (фотокопии од споменици).<br>• Пишување на компјутер графеми на старословенски јазик.<br>• Разгледување текстови со глаголско и кирилско писмо. |
| | **Фонетика** | | |
| • да се потикнува да ја запознае слоготворната функција на самогласките;<br>• да се оспособи да ги препознава видовите согласки (звучните и беззвучните во парови). | Поделба на гласовите (самогласки и согласки)<br>Поделба на согласките: звуни, безвучни | Самогласки<br>Согласки | • Вежба: Учениците подредуваат букви - самогаските се на сини картички, а согласките на црвени картички. Ги читаат буквите од азбуката, а потоа сините картички ги сместуваат во сина кутија, а црвените во црвена кутија.<br>• Вежба: Учениците подредуваат жолто - црвени картички со звучни согласки и зелено - црвени картички со беззвучни самогласки. Потоа ги подредуваат во кутии со соодветна боја.<br>• Вежба: Учениците добиваат листа со зборови. Добиват налог звучните самогласки да ги заокружат со жолта боја, а беззвучните самогласки со зелена боја. Учениците кои имаат говор гласно ги изговараат буквите, а наставникот детектира кои се правилно, а кои неправилно изговорени. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да се оспособува правилно да ги акцентира зборовите во усното изразување;<br>- да се оспособува да го определи акцентот на зборовите. | Правила за акцентирање на зборовите: еднносложни, двосложни и повеќесложни | Акцент: динамичен и определен | • Вежби за обележување на акцентот. Учениците составуваат збор со помош на картички. Составените зборови се делат на слогови со помош на тактирање при што ги применува правилата за акцентирање на двосложни зборови, трисложни зборови и сл.<br>• Вежба:Учениците добиваат листа на зборови со обележан акцент. Секој ученик ги изговара зборовите според обележаниот акцент. |
| | **Морфологија** | | |
| - Да се поттикнува да препознава видови зборови. | Морфолошка класификација на зборовите: менливи и неменливи зборови | Видови зборови | • Вежби за препознавање на видовите зборови.<br>• Вежби за класификација на зборовите во зборовни групи.<br>• Вежба: Учениците добиваат листа со менливи и неменливи зборови (може и да се запишат на табла) со листа на наставки, претставки, суфикси и префикси. Нивна задача е да ги употребат предложените додавки во формирање нови форми на зборови. Учениците ги издвојуваат зборовите кои останале во првобитната форма. Наставникот фронтално извлекува одговор на прашањето зошто на тие зборови не им ја промениле формата. |
| - Да се оспособува да препознава видови именки;<br>- да се запознае со глаголската именка;<br>- да се запознава со членувањето на именмките. | Именки: општи, сопствени (како повторување) и збирни<br>Именки кои именуваат глаголски дејства | Именки: општи, сопствени (како повторување) и збирни<br>Глаголска именка<br>Определеност кај именките (членување) | • Вежби за препознавање на видот на именките - со насочени прашања/налози од страна на наставникот  именките напишани на хартија во боја  ги класифицираат според бојата, а потоа, со помош на наставникот го откриваат видот на именките (според бојата).<br>• Изговарање именки, пронаоѓање именки во реченица и нивно заокружување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да се оспособува и да се поттикнува да ги применува глаголите како видови зборови;<br>• да се оспособува иа да се поттикнува да ги препознава исказниот, заповедниот и можниот начин (без дефинирање). | Глаголи<br>Граматичка категорија начин: исказен, заповеден и можен начин | Категорија начин кај глаголите | • Вежби за препознавање на глаголите и за сфаќање на нивните граматички категории преку насочени прашања: Кој збор означува работа? Глаголите треба да се поврзат со симбол кој ќе ги асоцира на одредена активност/дејство на пример, топката означува движење, активност и сл.<br>• Вежби за препознавање на глаголите: Учениците читаат зборови кои означуваат активност, дејство напишани на ливчиња, а потоа истите ги ставаат во каса топка, а другите зборови во каса коцка.<br>• Вежби за препознавање еднина/множина: Учениците читаат зборови кои се напишани на ливчиња илустрирани со соодветна слика и/или цртеж - треба да одредат дали зборот е претставен во еднина или во множина. Зборовите во множина ги става во сина кутија, а зборовите во еднина во црвена кутија. |
| • Да се запознае со поимот придавки;<br>• да се запознае дека постојат повеќе видови придавки;<br>• да се поттикнува да го усвои поимот *материјални придавки* и правилно да ги применува во усниот и писмениот говор. | Придавки<br><br>Материјални придавки | Материјални придавки | • Вежби за препознавање на материјалните придавки.<br>• Вежби за разликување на материјалните придавки.<br>• Вежби за правилна примена на материјалните придавки во реченицата.<br>• Вежби: Од понудено наставно ливче со 3 - 4 реченици учениците треба да ги препишат во тетратка материјалните придавки (оние кои ги препознаваат).<br>• Вежби: Учениците дополнуваат реченици со избирање соодветни придавки од понудена листа. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | • Вежби за збогатување на текстот со употреба на придавки. |
| ✦ Да ги применува заменките како видови зборови;<br>✦ да ги категоризира по групи. | Заменки (лични и показни) | Лични<br>Показни | • Вежби за препознавање на личната заменка „јас" и нејзината примена во говорот.<br>• Вежби за препознавање показни заменки.<br>• Одговарање на насочени прашања од типот „Кој?" и сл.<br>• Вежба: Учениците добиваат текст од 3 - 4 реченици и листа на лични и показни заменки - со помош на наставникот се обидуваат да ги заменат местата на определени зборови со заменките од понудената листа.. |
| | **Синтакса** | | |
| ✦ Да се оспособува да ги открива подметот и прирокот во реченици. | Реченица: главни реченични делови (подмет и прирок) | Главни реченични членови: подмет и прирок<br>Зборови во функција на подмет | • Вежби за препознавање подмет и прирок во реченици.<br>• Вежби за посочување на видовите зборови во функција на подмет.<br>• Вежби за составување реченици со различни видови зборови во функција на подмет. |
| ✦ Да се поттикнува да стекне основни сознанија за прилошките определби (додатоци на прирокот);<br>✦ да се поттикнува да користи одредени прилошки определби во изразувањето. | Неопходни реченицни делови: прилошки определби за место, време, начин | Прилошки определби: за место, време, начин | • Вежби за препознавање и именување на прилошките определби според видот.<br>• Вежби за правилен ред во реченицата при нивната употреба. |
| ✦ Да се оспособува да ги препознава сложените реченици; | Сложена реченица - поим за сложена реченица | Сложена реченица | • Вежби за откривање на сложената реченица. Вежби за составување сложени реченици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ✦ да го усвои поимот за сложена реченица;<br>✦ да се поттикнува да ги проширува простите реченици во сложени. | | | (проследено со фотографии, слики, цртежи и сл.).<br>• Вежби за трансформација на прости во сложени реченици (проследено со фотографии, слики, цртежи и сл.). |
| | **Речник и стил** | | |
| ✦ Да се оспособува да прави разлика во лексичкото значење на синонимите и антонимите;<br>✦ да се оспособува правилно да ги употребува синонимите и антонимите во усниот и писмениот говор. | Лексичко значење на зборовите: синоними, и антоними | Синоними<br><br>Антоними | • Вежби за откривање на зборовите според нивното лексичко значење. Секоја реченица треба да биде проследена со фотографии, слики, цртежи и сл.<br>• Вежби за примена на видови зборови во текст. Секоја реченица треба да биде проследена со фотографии, слики, цртежи и сл. |
| | **Правопис** | | |
| ✦ Да се поттикнува да го разбере значењето на посочени скратеници;<br>✦ да се поттикнува да користи скратеници во писменото изразување. | Скратеници: за обраќање кон лица, за мерките во метричкиот систем и за други мерки и големини | Скратеници | • Вежби за објаснување на посочени скратеници. Вежби за скратување на зборови.<br>• Употреба на правопис. |
| ✦ Да ги применува правилата за слеано пишување на зборовите. | Слеано пишување на сложените зборови: именки, придавки, прилози и броеви | Слеано пишување на зборовите | • Вежби за слеано пишување на зборовите.<br>• Вежба: Учениците пишуваат кус диктат на лист хартија, а наставникот на крајот од вежбата ги проверува и им го соопштува мислењето (со акцент на правилата за слеано пишување на зборовите). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да се поттикнува да осознае за основното и преносното знаечење на зборовите. | Употреба на зборовите во основно и преносно значење | Речник и стил: основно и преносно значење на зборовите | • Вежби за согледување на основното и преносното значење на зборовите.<br>• Вежби за примена во функција на збогатување на речникот. |
| Да се оспособува за правилна употреба на интерпункциските знаци. | Употреба на интерпункциските знаци: точка, запирка, прашалник, две точки. | Интерпункциски знаци за директен говор (точка, запирка, прашалник, две точки) | • Вежби за правилна употреба на интерпункциските знаци во писменото изразување - проследено со фотографии, слики, цртежи и сл. |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЦЈЕ:** ***ЛИТЕРАТУРА*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>Да стекне основни сознанија за постоењето разни литературни родови;<br>да се поттикнува да чита куси лирски творби. | Поделба на литературата (со нагласување на надворешните разлики) по родови: лирика | Литературни родови: лирика | • Разговор за литературни текстови од трите литературни родови (нивни основни карактеристики).<br>• *Вежба*: Ученикот добива задача да чита лирски творби (проследено со фотографии, слики, цртежи и сл.). |
| | **Проза** | | |
| Да се оспособува да прави обиди да презентира содржина од учен текст; | Содржина на текст | Содржина | • Вежби: Читање куси илустрирани текстови. По разгледувањето на сликите без текст, на нив се закачуваат напишани реченици кои тематски кореспондираат со приказите на сликите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се стимулира да чита куси текстови. | | | • Вежби: Учениците кои немаат говор, а го знаат значењето на сликите и визуелно ги препознаваат зборовите користат говорна табла. |
| - Да се оспособува да ги открие основните белези на расказот како куса проза. | Белези на расказот<br>Видови раскази | Расказ | • Читање раскази.<br>• Вежби за откривање на елементите на расказот.<br>• Примена на аудиосредство. |
| - Да се поттикнува да разликува раскажувачка форма во прво и во трето лице. | Раскажувач во прво и во трето лице | Наратор (раскажувач) | • Демонсрирање на раскажување во прво и трето лице од страна на наставникот. |
| - Да се оспособува да стекне основни сознанија за драмски текст. | Поим за драма | Драма | • Драмски текстови за деца (аудиосредство).<br>• Да се поттикнува да чита дијалози и монолози како елементи на драмски текст за деца. |
| - Да ги препознава и да чита дијалози и монолози во извадоци од драмски текст за деца. | Дијалог и монолог во драмски текст<br>Комуникациски дијалог | Дијалог и монолог | • Текстови за читање драмски дијалог.<br>• Вежби за стимулирање комуникациски дијалог.<br>• Монолог изведен од страна на наставникот.<br>• Аудиосредства. |
| | **Поезија** | | |
| - Да се поттикнува да ги осознае љубовните песни. | Лирски видови | Лирски песни | • Избор од лирски песни (со различни мотиви).<br>• Рецитирање на истите (аудиосредства). |
| - Да се оспособува да стекне основни сознанија за стилските фигури;<br>- да се оспособува да ги препознава и посочува во текстови. | Стилски фигури | Стилски фигури:<br>епитет;<br>анафора;<br>епифора.<br>Лирско - епски песни | • Вежби: Слушање секвенци од текстови од народната и авторската литература.<br>• Вежби: Слушање уметничко рецитирање на творбите. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **Усно изразување** | | |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- Да се потикнува да употребува соодветни зборови за културна комуникација;<br>- да се потикнува да води службен и приватен разговор со: одделен-ски раководител, наставник, директор, педагог и сл. | Разговорот како вид комуникација: формулирање прашања и одговори на прашањата<br>Интервју (играње улоги) | Разговор | - Вежби за културна меѓусебна комуникација со користење говорна табла.<br>- Импровизирани разговори со селекција на зборови во зависност со кого комуницира со користење компјутер.<br>- Вежби во двојки (парови) за водење службен и приватен разговор со користење говорна табла. |
| - Да се поттикнува да раскажува доживеани случки;<br>- да се поттикнува да раскажува по хронологија. | Хронолошко и ретроспективно раскажување<br><br>Опишување | Прераскажување<br>Раскажување<br>Опишување<br>Лик | - Вежби за раскажување – со конкретни прашања.<br>- Хронолошко раскажување на доживеани настани проследено со слики.<br>- Вежба со цел учениците да ја согледаат разликата меѓу концизното и опширното раскажување. |
| - Да се запознае со основните карактеристики на пишување извештај;<br>- да се оспособува да селектира факти. | Известување: вест, извештај | Вест<br>Извештај | - Вежби за пишување вест, извештај.<br>- Текстови од весници и списанија. |
| - Да се поттикнува да ги применува знаењата за читање дијалог, | Сценски изведби | Драматизација | - Писмени и усни вежби за претставување текстови по улоги (гледање македонски народни приказни, играње улоги и др.). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| монолог;<br>• да се поттикнува да изведе драмски текст (со мимики, гестови, движења, глас и сл.). | | | • Вежби за читање текстови по улоги.<br>• Организирање импровизирани сценски изведби. |
| | **Писмено изразување** | | |
| • Да се обидува да раска-жува во писмена форма;<br>• да се оспособува да применува знаења од правописот, стилот и јазикот и јазичните норми;<br>• да се оспособува да составува вест и извештај. | Писмено изразување: раскажување, вест, извештај | Раскажување<br>Прераскажување<br>Опишување | .<br>• Вежби за примена на стекнатите знаења за писмено изразување.<br>• Вежби за составување извештај и соопштение. |
| • Да се оспособува правилно да напише кус текст и/или реченици кои му се диктираат. | Диктат | Диктат | • Диктат: Изработка на кус текст и/или реченици кои му се диктираат. |
| • Писмено изразување. | Вежби за писмено изразување | | Напомена: Да се користат соодветните современи методи и техники за читање и пишување при изготвувањето на писмените вежби. |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЕ: *МЕДИУМСКА КУЛТУРА*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содрзини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>• Да се оспособува да препознава рубрики во весници и списанија. | Видови медиуми: електронски и печатени<br>Книгата како медиум<br>Весници, списанија и рубрики | Медиуми: печатени и електронски | • Весници и списанија.<br>• Разгледување, разговор, прераскажување преку конкретно одговарање на прашања.<br>• Вежби за воочување на разликите помеѓу електронските и печатените медиуми. |
| • Да се поттикнува да стекне основни сознанија за улогата на режисерот, актерот, костимографот и сценографот. | Режисер<br>Актер<br>Костимограф<br>Сценограф | Режисер<br>Актер<br>Костимограф<br>Сценограф | • Посета на театарска претстава.<br>• Дружење со учесници во драмската претстава.<br>• Обид за правење драмска претстава на училиште. |
| • Да јсе поттикнува да ја осознае улогата на медиотеката. | Медиотека | Медиотека | • Посета на медиотека.<br>• Разговор со вработените во медиотеката.<br>• Вежби за користење на соодветен софтвер во медиотека за пребарување податоци од областа на литературата, филмот и театарот. |

Напомени за начинот на планирање и реализација на наставните програми

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.

Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ

Учениците со аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција (имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата). Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни, специфични начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно. Карактеристика за нив е што многу често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето на евентуални промени од кава било природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфика на нивното однесување, исто така, претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторување на одредени движење (ехопраксија). Тие претпочитаат да бидат сами, но и кога во нивното окружување има други лица се однесуваат резервирано (повлечено). Кај нив

се јавуваат сериозни проблеми кога треба да се дружат со други лица (иако се присутни во иста просторија со нив тие се однесуваат како да не ги забележуваат, како да се потполно сами во просторијата). Манифестацијата на лошо расположение, настапите на лутина и гнев без видливи причини се, исто така, карактеристични за учениците со аутизам.

Ученикот со аутизам не сака близок контакт. Воопшто, нечија близина, особено на лица кои не ги познава или не ги прифаќа делуваат вознемирувачки и скоро секогаш се проследени со специфични манифестации.

Тие малку или воопшто не воспоставуваат контакт со очите со соговорникот или останатите присутни во окружувањето. Голем број од овие ученици опсесивно се врзуваат за одреден предмет, кој може постојано да им е во рацете.

Многу специфично се однесуваат при манифестирање на болката. Така на пример, тие манифестираат хипер или хипо-сензитивност на болка без видливи причини за таков вид реакција. Тие немаат или не манифестираат чувство за опасност дури и во моменти кога постои сериозна опасност.

Изразената хипо или хиперактивност е, исто така, нивна карактеристика.,Најголем број од нив имаат развиена фина моторика. Во одредени ситуации се однесуваат како да се глуви и покрај тоа што аудиограмите не покажуваат редукција на слухот.

Генерално, проблемите во воспоставувањето  на вербалната и невербалната комуникација и социјалните односи воопшто претставуваат голема бариера и тешкотија. Кога говориме за вниманието, велиме дека нивното внимание е лабилно и краткотрајно, што, секако, претставува проблем кој го отежнува воспоставувањето на контактите.

Овие ученици најчесто се насочени кон сопствените потреби. Тие се обидуваат на себе својствен начин да ги реализираат сопствените потреби, притоа користејќи ја невербалната комуникација.

Многу често се забележува моторен немир кој се манифестира на за нив својствен начин изразен преку различни видови стереотипни движења (трчање во круг, постојано вртење околу сопствената оска, лулање на телото, плескање со рацете, повторување на зборови). На овие манифестации треба да се гледа како на секундарни симптоми на нивната специфична состојба. Главниот проблем треба да се лоцира во сферата на разбирањето и користењето на реципрочните интеракции.

Претходно наведените манифестации во однесувањето не треба да значат дека тие не се нежни, или дека воопшто не можат да воспостават комуникација со останатите и /или дека доцнат во развојот на социјалните вештини.

Имено, тие имаат потешкотии со различните интеракции (давање и земање во вистинска смисла на зборот, како стил и форма на комуникација со другите). Природата на проблемите и потешкотиите се забележува и во интерактивните игри со врсниците. При обидите за воспоставување каков било вид комуникација тие не реагираат воопшто или реагираат несоодветно на одредена ситуација. Карактеристично за нив е дека се „вклучуваат во светот“ само тогаш кога нешто им е потребно. Затоа, треба да се искористи секој таков момент затоа што во тој момент го забележуваат соговорникот со што се отвора можност за комуникација.

Тие манифестираат огромен распон на вниманието за повеќе видови активности. Може истовремено да бидат заинтригирани со повеќе различни активности, но, исто така, може да поминат долг временски период фокусирани на една многу едноставна активност.

Се случува спонатано или доколку се поттикнати да се вклучат во заедничка активност со другите ученици. и покрај тоа што се физички присутни во просторијата да не учествуваат активно, или пак воопшто да не воспоставуваат комуникација.
Кај овие ученици се јавуваат проблеми во извршување на задачите. Кај нив се случуваат епизоди на плачење или смеење без за тоа да постојат видливи причини.
Нивниот говор е сиромашен, монотон и често звучи како ехо(одек). Доколку одговорат на поставеното прашање тоа го прават на специфичен начин.
Карактеристично за овие ученици е што не прифаќаат и несоодветно одговараат на одредени стандардни методи на учење и поучување. Овие ученици најдобро напредуваат во „педагошки амбиент" кој е добро структуиран согласно нивните потреби. Покрај амбиентот, треба да му се понудат соодветни индивидуализирани програми со јасно дефинирани цели кои може да се модифицираат во зависност од неговите потреби и способности. Заради хетерогеноста на причините и манифестациите за овие ученици не постои пристап или систем кој би бил универзално ефикасен и добар за сите.
При изработката на индивидуалниот образовен план наставникот (во соработка со родителите) треба да се концентрира на оние области во кои врз основа на комплексната проценка ученикот успешно ќе ги реализира поставените цели. Акцентот при планирањето треба да биде на адекватното образование за секој ученик при што ќе се обезбеди оптимално развивање на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција. Една од главните цели на наставникот треба да биде успешно вклучување и подобро прифаќање на секој ученик од околината што е од пресудно значење за нив.
Важни предуслови за вклучување на учениците со аутизм во воспитно-образовниот процес и успешно реализирање на истиот се:
да им се обезбеди чувство на сигурност, чувство на доверба во наставникот, да им се обезбеди востановена шема во дневните активности, временска и просторна предвидливост и информираност за текот на планираните дневни активности;
да им се обезбедат соодветни и едноставни вербални, акустички и визуелни информации, како и да се практикува активно и директивно воспоставување на комуникација со различни субјекти(со различна динамика и квалитет, а задачите (налозите) и нивната реализација да бидат планирани како куси, сукцесивни и едноставни чекори.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Содржината на наставната програма по предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: **математика, ликовно образование, музичко образование, основи на природните науки и др.**.
Во интегрирано планирање на предметното подрачје **Јазик** можат да се вклучат и содржини од: *математика* (при именување на поимите од содржините од математика или со приближната и точната бројност на броевите како видови зборови); со *ликовно образование* (со правење цртежи со кои се претставуваат ликови, настани од текстовите кои се

работат); со *музичко образование* (преку содржините кои се поврзани со самогласките и согласките, со содржини преку кои се запознаваат со ритам).

Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет *македонски јазик* треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставната програма. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел и од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно - воспитни подрачја. При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето каде што работи наставникот. Во планирањето на наставната програма треба да се уважува фактот различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на програмата што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. На сите содржини не може, и не треба, да им се посветува подеднакво внимание во наставата. Во планирањето, исто така, како појдовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

Наставниот предмет е задолжителен. Застапен е со 4 часа неделен фонд, односно 144 часа годишен фонд.

*Наставни средства:*

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- енциклопедии, речници и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
- аудиовизуелни средства и други средства во зависност од предметот – ЦД (литературни текстови, звучни записи);
- други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нацинални паркови и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности.

Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: дијагностички тестови, со усни прашања подготвени од наставникот, со усни прашања подготвени од учениците, со пишување кратки состави.

Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализацијата на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по македонски јазик во шесто одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на повеќе методи за оценување:

- разговори наставник/ученик;
- усни презентации;
- домшни работи;
- портфолио - собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик. Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Овие и други методи за оценување наставникот може да ги вреднува со однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба. Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планирани усни и пишани повратни информации кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници.

**МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ** - На крајот од секое тримесеје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните описни вреднувања за постигањата на учениците.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ** - Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата на наставната програма наставникот ја констатира развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје. Од формираните сумативните описни оценки на крајпт на полугодието и на учебната година наставникот внесува и соодветни нумерички оценки.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште, а донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Настава по македонски јазик во шесто одделение може да изведува лице кое завршило:

Филолошки (порано Филозофски) факултет:

- студиска група за македонски јазик и македонска книжевност;
- студиска група за македонски јазик и книжевност;
- студиска група за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (порано книжевности на народите на СФРЈ);
- студиска група за за општа и компаративна книжевност – наставна насока;
- студиска група за за општа и компаративна книжевност – друга насока со здобиена соодветна педагошко – психолошка и методска подготовка на соодветен факултет;
- двопредметни студии по македонски јазик и англиски јазик; македонски јазик и француски јазик; македонски јазик и германски јазик;
- покрај со соодветна педагошко – психолошка и методска подготовка на соодветен факултет треба да се здобие и со дополнителна дефектолошка дообразба на соодветен факултет;
- филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломирана дефектолог;

Доколку на објавениот јавен оглас не конкурирало лице со стекнато образование од горенаведените студиски групи, може да изведува настава лице кое завршило:

- македонски јазик како втор главен предмет – наставна насока.

Изготвил: работна група, координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по македонски јазик за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3977/1
19 08 20 19 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ